Подготвил:
**Александар КЕЛТАНОСКИ**

## 24-КАРАТЕН APPLE MACBOOK PRO



Ако сте љубител на ценетиот бренд "Apple", а сепак тоа не Ви е доволно луксузно, компанијата "Computer choppers" го има решението за Вас! Тие промовираа позлатена верзија на лаптопот Macbook Pro, со 24-каратно злато, и со логото на "Apple", изработено од дијаманти. Компанијата сè уште нема објавено официјална цена за овој рачно дотеран производ.



## НОВИТЕТИ ОД СЕРИЈА N



Најголемиот светски производител на мобилни телефони, "Nokia", официјално ги пушти во продажба мултимедијалните телефони N81 и N81 со 8ГБ. Најавената цена за Европа е 360 евра за N81, а верзијата со 8GB ќе биде поскапа и ќе чини околу 430 евра, без субвенции и данок. "Nokia", исто така, објави дека до крајот на годината ќе ја претстави својата нова N-Game услуга. За корисниците на овие мобилни телефони се достапни демо верзиите на EA Sports FIFA 07, Asphalt 3: Street Rules and Space Impact Light, а откако ќе се промовира N-Game корисниците ќе можат да ги пробаат сите игри бесплатно.

